


# МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ

# МИСИЈА И ВИЗИЈА

**Мисија** на Берзата е да обезбеди ефикасно, транспарентно и сигурно функционирање на организираниот секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија, преку перманентно настојување на сите инвеститори да им обезбеди влез, односно излез од финансиските инструменти со кои се тргува на различните берзански пазари по фер пазарна цена, да им помогне на трговските друштва да привлечат нов капитал за финансирање на нивниот развој и да придонесе за градење доверба во македонскиот пазар на хартии од вредност .






**Визија** на Берзата претставува нејзино позиционирање во атрактивен и препознатлив секундарен пазар на хартии од вредност во Југоисточна Европа. Ваквото позиционирање на Берзата во наредниот период, како и во изминатите години, ќе се настојува да се реализира преку одржување на високи стандарди во секојдневното работење, добро корпоративното управување и адекватно управување на односите со нејзините членки, акционери и другите засегнати лица. Паралелно, ќе се продолжат и интензивираат напорите за поцврсто вклучување на Берзата во различни форми на берзански регионални интеграции,  водејќи сметка за значајно изменетиот деловен и пазарен амбиент.

# ИСТОРИЈА

Македонска берза АД Скопје е првата организирана берза на хартии од вредност во историјата на Република Македонија.

Нормативните услови за основање на првата организирана берза на хартии од вредност во Република Македонија се создадоа со донесувањето на Правилата за условите за работа на ефективна берза во Март 1995 година од страна на Комисијата за хартии од вредност, по што беше формиран Основачки одбор кој ги презема потребните подготвителни активности за формирање на берза и до средината на 1995 година беа подготвени Елаборатот за основање и работа на Берзата, Статутот и Договорот за основање. На 13.09.1995 година беше одржано Основачкото собрание на Берзата на кое беше основана како акционерско друштво на непрофитна основа, со основачки капитал од 1 милион германски марки. Со оглед на тоа што во моментот на основањето, согласно тогашните прописи, основачи на Берза можеа да бидат единствено банки и други финансиски институции (штедилници и осигурителни друштва), Македонската берза ја основаа 19 правни лица од кои 13 беа банки, 3 осигурителни друштва и 3 штедилници кои станаа и нејзини први членки со право на тргување на Берзата.



*28.03.1996 официјален почеток на тргувањето

И покрај тоа што беше основана во септември 1995 година, роденденот на Македонската берза се поврзува со **28.03.1996 година**, кога за прв пат заѕвони берзанското ѕвонче кое го означи и официјалниот почеток на тргувањето. Во нејзината почетна развојна фаза, на Берзата се тргуваше два пати во неделата, во вторник и четврток, а склучувањето на трансакциите се извршуваше на „берзанскиот паркет“ во салата за тргување преку методот на континуирано наддавање и моделот на „пазар придвижуван од налози“.

Почнувајќи од 20.06.2001 година, Берза започна да работи на профитна основа со основачки капитал од 500.000 евра, а акционер на берзата може да биде било кое домашно или странски правно или физичко лице.



На **25.04.2001 година** започна нова етапа во тргувањето на Берзата – се воведе електронското тргување со хартии од вредност со помош на Берзанскиот електронски систем на тргување (БЕСТ). Со БЕСТ системот се создадоа услови за зголемување на обемот, ефикасноста и ликвидноста на берзанското тргување.

# ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА И УПРАВУВАЊЕ

## Активности на Берзата



Согласно член 73 од Законот за хартии од вредност и Статутот на Берзата, Берзата во рамките на своето работење ги врши следните активности преку кои обезбедува:

- собирање на понуди за купување и продавање на хартии од вредност,

- пазарно формирање на цените на хартиите од вредност со кои се тргува на Берзата,

- склучување на трговски трансакции со хартиите од вредност,

- утврдување и известување за склучените трговски трансакции со хартии од вредност,

- почитување на правилата и стандардите на Берзата, одредбите од Законот за хартии од вредност и правилниците донесени врз основа на законот од страна на членките на Берзата,

- заштита на интересите на инвеститорите во хартии од вредност,

- прием на хартиите од вредност за тргување на Берзата, вклучувајќи го котирањето на хартии од вредност,

- информирање на јавноста за прашањата значајни за работењето на Берзата,

- издавање на книги, брошури, стручни списанија, видеокасети, компакт дискови и други публикации и

## Управување

Берзата е организирана како акционерско друштво на профитна основа во рамките на кое постојат следните органи на управување:

- **Собрание на акционери**

Собранието претставува орган преку кој акционерите ги остваруваат своите права во работите на друштвото.

# ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА И УПРАВУВАЊЕ

- **Одбор на директори**

Во Македонската берза е воспоставен еднностепен систем на управување, односно Одборот на директори. Одборот е со следниот состав: 4 неизвршни директори (претставници на акционерите), 3 независни членови и 1 извршен член кој ја извршува функцијата Главен Извршен директор на Берзата.

## Организациона структура

Деловните функции на Берза се извршуваат преку посебни организациони единици:

сектори и дирекции.

Подолу е прикажана шемата на организационата структура на Берзата:




## Комисии

Други органи на Берзата кои го помагаат извршувањето на нејзините функции се:

- Комисијата за котација на хартии од вредност;
- Дисциплинската комисија;
- Комисијата за арбитража.

# АКТИ

Акти на Берзата се: Статут, Правила за тргување, Правила за котација, Правила за членство, Правила за однесување и дисциплина, Правила за арбитража и Тарифник.

**Статутот** на Берзата ги утврдува прашањата од областа на корпоративното уредување и управување со друштвото, како и други значајни аспекти на организацијата и работењето на Берзата, во согласност со закон.



Со **Правилата за тргување** на Берзата се регулира предметот на тргување на Берзата, работењето со налози за тргување (прием, менување, повлекување и одбивање на налози), начин на подредување и извршување на налозите во Берзанскиот Електронски Систем за Тргување (БЕСТ), видовите на налози, како и други прашања значајни за работата на Берзата.

Со **Правилата за котација** на Берзата се регулираат пазарните сегменти на Берзата, општите и посебните услови за котација на хартии од вреднот на Официјалниот пазар на Берзата, покровителот на котацијата, постапката за пријавување на хартии од вредност за котација, содржината за Проспектот, како и постојаните обврски на издавачите на хартии од вредност.

Со **Правилата за членство** на Берзата се регулираат условите, начинот и постапката за прием на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност во членство на Берзата, правата и обврските на членка на Берзата, континуираните услови за членство на Берзата, како и престанокот на членство во Берзата.

**Правилата за однесување и дисциплина** на Берзата го регулираат однесувањето на членките на Берзата, нивните директори, овластените брокери и лиценцираните брокери во однос на почитувањето и спроведувањето на актите на Берзата и прописите од областа на работење со хартии од вредност, како и дисциплинските постапки и мерки во случај на непочитување на актите на Берзата и прописите од областа на работењето со хартии од вредност.

**Правилата за арбитража** на Берзата го регулираат начинот на разрешување на споровите меѓу членките на Берзата и меѓу членките на Берзата и нивните клиенти, како и меѓу членките на Централниот Депозитар на хартии од вредност и меѓу членките на Депозитарот и нивните клиенти, на правичен, ефикасен и чесен начин. Правилата за арбитража се заеднички акт донесен од страна на Берзата и Централниот депозитар за хартии од вредност.

Во **Тарифникот** за висината на надоместоците на Берзата се регулираат надоместоците кои Берзата ги наплаќа за користење на најразлични услуги.

Комисијата за хартии од вредност потребно е да даде согласност за применување на сите акти на Берзата.

Одборот на директори може да донесе и други акти со кои се регулира или доуредува работењето на Берзата.

# ТРГУВАЊЕ

## Берзанскиот електронски систем на тргување БЕСТ

Тргувањето со хартии од вредност е целосно автоматизирано и истото се одвива преку берзанскиот електронски систем за тргување (БЕСТ). Тргувањето се одвива далечински, при што сите брокери се електронски поврзани од своите деловни простории со централниот компјутерски систем лоциран во Берзата. БЕСТ системот се заснова на системот на налози, согласно моделот на континуирано наддавање и употреба на методата на компјутерско усогласување на цените на хартиите од вредност.

Лиценцираните брокери, преку своите работни станици или преку користење на можноста за т.н. интегрален пристап во БЕСТ системот (преку FIX протокол), се приклучуваат во БЕСТ системот. Секој лиценциран брокер има свои посебни идентификациони елементи (корисничко име и лозинка) што му овозможуваат пристап во БЕСТ системот, извршување на активности во БЕСТ системот и пристап до податоците за кои што има овластување.

## Режими на тргување

БЕСТ системот овозможува хартиите од вредност да се тргуваат во еден од двата режими на тргување: Режим на континуирано тргување или Режим на аукциско тргување.



Режимот на континуирано тргување се состои од фаза пред тргување и главна трговска фаза. Главната трговска фаза овозможува моментално извршување на трансакции врз основа на налозите внесени во БЕСТ системот, со усогласување на нивните услови согласно Правилата за тргување, при што, цената на склучената трансакција е резултат на моментално најдобрата куповна и најдобрата продажна цена.

Во режимот на аукциско тргување, хартијата од вредност се тргува во аукција, при што сите трансакции се склучуваат во ист момент и по иста цена. Цената се формира врз основа на налозите што се внесени во БЕСТ системот, со усогласување на нивните услови, согласно Правилата за тргување, така што се избира цената по која може да се истргува најголема количина на хартии од вредност за тргување.

Критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување зависат од карактеристиките на тргувањето со хартијата од вредност. Притоа, се земаат во предвид следните критериуми:

- просечниот дневен број на трансакции;
- просечен број на денови на тргување;
- обем на тргување;
- длабочина на пазарот.

Распоредувањто на хартиите од вредност во еден од двата режими се прави два пати во текот на годината.

## Време на тргување

БЕСТ системот е отворен за работа за членките на Берзата секој работен ден, во времетраење од 9:00 до 13:00 часот.

# УТВРДУВАЊЕ И ПОРАМНУВАЊЕ

**Утврдување** е повеќефазен процес којшто се состои од идентификација на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто склучиле трговска трансакција на секундарниот пазар, идентификација на хартијата од вредност со која е тргувано, количината на хартии од вредност со која се тргувало и цената по која е склучена трансакцијата.

Утврдувањето и известувањето за склучените трансакции со хартии од вредност на Берзата го врши Берзата. Податоците за склучените берзански трансакции Берзата ги доставува до овластен депозитар во електронска форма на денот кога истите се склучени.



**Порамнување** е процес на исполнување на обврските на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто произлегуваат од склучената трговска трансакција на секундарниот пазар, односно извршување на плаќањето од страна на купувачот и пренос на сопственоста на хартиите од вредност од страна на продавачот. Обврските што се однесуваат на пренос на хартиите од вредност од склучените берзански трансакции со хартии од вредност се извршуваат по пат на истовремено плаќање на реализираната цена за тие хартии од вредност на Берзата (принцип "испорака наспроти плаќање"). Порамнувањето на склучените трансакции со хартии од вредност на Берзата го врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Порамнувањето на трансакциите со хартии од вредност на сите пазари на Берзата се врши на третиот работен ден (Т+3) од денот на склучувањето на трансакцијата. Доколку и од двете членки учеснички во трансакцијата постои согласност порамнувањето на трансакциите со хартии од вредност може да се врши и во пократок период од третиот работен ден од денот на склучувањето на трансакцијата, односно на т.н. „специјален ден на порамнување“ (Т+1; Т+2).

# КОТАЦИЈА

Под котација на хартии од вредност, се подразбира постапката на внесување (регистрирање) на одредена хартија од вредност на Официјалниот пазар согласно одредени критериуми пропишани од Берзата, по што издавачите на хартии од вредност се стекнуваат со обврска за редовно објавување на ценовно чувствителни финансиски и нефинасиски информации и податоци во јавноста.

## Пазарни сегменти

Тргувањето со хартии од вредност на Берзата се одвива на два пазарни сегменти:

1. Официјален пазар и
2. Редовен пазар

## Официјален пазар

Официјалниот пазар претставува пазар на котирани хартии од вредност и истиот е поделен на:




**1. Котација на сопственички хартии од вредност (акции)**

- Супер котација
- Берзанска котација
- Задолжителна котација и
- Котација на мали акционерски друштва.

**2. Котација на должнички хартии од вредност:**

- Обврзници
- Краткорочни должнички хартии од вредност

## Редовен пазар

Редовниот пазар претставува пазар на некотирани хартии од вредност и е поделен на Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување и Слободен пазар.

На подсегментот **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за исвестување** на Берзата се тргуваат некотираните хартии од вредност издадени од акционерски друштва што се водат во посебен Регистар на Комисијата за хартии од вредност и истите имаат обврски за известување на јавноста согласно Законот за хартии од вредност и кон Комисијата за хартии од вредност.

**Слободниот пазар** е пазарен подсегмент на кој се тргува со сите други хартии од вредност во Република Македонија, освен оние што се тргуваат на Официјалниот пазар и на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

# КРИТЕРИУМИ ЗА КОТАЦИЈА

| Котација на сопственички хартии од вредност (акции) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Супер котација** | **Берзанска котација** | **Задолжителна котација** | **Котација на мали акционерски друштва** |
| Вистинитост и објективност на финансиските извештаи | Ревидирани Финансиски извештаи за последните три години | Ревидирани Финансиски извештаи за последните две години | Ревидирани Финансиски извештаи за последните две години | Ревидирани Финансиски извештаи за последната година |
| Капитал | Најмалку 10.000.000 евра | Најмалку 500.000 евра | најмалку 1.000.000 евра* | Најмалку 250.000 евра |
| Распространетост на родот на акциите во јавноста | Најмалку 20% | Најмалку 10% | најмалку 1% | / |
| Број на акционери | Најмалку 200 | Најмалку 100 | најмалку 50 | / |
| Интернет страница | На македонски и англиски јазик | / | / | / |

| Котација на обврзници и краткорочни должнички хартии од вредност | | |
|---|---|---|
| | **Обврзници** | **Краткорочни должнички хартии од вредност** |
| Вкупна номинална вредност на реализирана емисија | Најмалку 500.000 евра | Најмалку 500.000 евра |
| Процент на обврзници во јавноста | Најмалку 25% | / |
| Број на сопственици на обврзниците | Најмалку 50 | / |

# КОТАЦИЈА

## Обврски за известување на котираните друштва преку СЕИ-НЕТ

Согласно Правилата за котација котираните друштва имаат обврски да ги објавуваат сите ценовно чувствителни информации, објави поврзани со деловното работење на друштвото, објави во врска со капиталот, значајни промени во финансиската состојба, дивиденден календар, известувања за акции во посед на јавноста, известувања за значителни удели, со цел информирање на јавноста за нивните одлуки.

Сите објави се прават преку интернет апликацијата за известувања од страна на котираните друштва СЕИ-НЕТ, а истите се достапни за јавноста без надомест преку интернет страната www.seinet.com.mk и преку веб страната на Берзата www.mse.mk



# ИНДЕКСИ

Берзата ги пресметува и објавува следните два индекси:

- Македонски Берзански Индекс – МБИ10;

| | |
|---|---|
| Полн назив на индексот | Македонски Берзански Индекс |
| Воведен | 04.01.2005 година |
| Состав на индексот | Најмногу 10 котирани акции на Официјалниот пазар на Берзата |
| Вид на индексот | Ценовен индекс пондериран со free float пазарна |
| Базична вредност на МБИ10 | 1000 индексни поени |
| Ревизија на индексот | Се врши два пати годишно, на 15-ти јуни и 15-ти декември, а во случај на настанување на вонредни состојби се врши и вонредна ревизија на МБИ10 заради негово усогласување со состојбата на пазарот |




*Графикон за движење на МБИ10 индексот

- Индекс на обврзници – ОМБ

| | |
|---|---|
| Полн назив на индексот | Индекс на обврзници на Македонската берза |
| Воведен | 30.06.2006 година |
| Состав на индексот | Составен е од котираните обврзници на Берзата со кои се тргувало најмалку 30 дена пред внесувањето во индексот и кои имаат најмалку една година до достасувањето |
| Вид на индексот | Ценовен индекс, пондериран со прометот, со ограничување дека на денот на ревизијата уделот на ниту една обврзница во составот на индексот не смее да надминува 30% |
| Базична вредност на ОМБ | 100 индексни поени |
| Ревизија на индексот | Се врши два пати годишно, на 15-ти јуни и 15-ти декември |

# ДИСТРИБУЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

Брзото, навремено и релевантно информирање на инвеститорите за случувањата на пазарот на хартии од вредност значи можност за нивно брзо, навремено и ефикасно прилагодување кон тие информации и дејствување врз основа на истите.

Податоците од берзанското тргување им се достапни на инвеститорите директно преку Берзата или преку овластените дистрибутери на информации (data vendors).

Податоците за тргувањето на Берзата можат да бидат достапни:

1. во реално време;
2. со задоцнување од најмалку 10 минути;
3. на крајот на трговскиот ден.



## Дистрибутери на информации со податоци од тргувањето со хартии од вредност на Берзата

Берзата со цел зголемување на визибилноста и атрактивноста на македонскиот пазар на хартии од вредност и привлекување на поголем број странски инвеститори има воспоставено соработка за дистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност со повеќе меѓународни дистрибутери.

Во рамките на Договорот за соработката со Виенската берза во делот на меѓународната дистрибуција на берзански податоци, дополнително се реализирани стратешките определби на Берзата за понатамошно проширување на мрежата на меѓународни вендори.

Врз основа на наведеното, во табелата се наведени моменталните дистрибутери што се претплатени за прием, односно прием и редистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност на Берзата.

| |
|---|
| **Thomson Reuters** |
| **Teletrader** |
| **SIX Telekurs Ltd** |
| **Bloomberg** |
| **CME Group Index Services LLC** |
| **FTSE International Limited** |
| **Interactive Data Corporation** |
| **Microsoft Corp** |
| **Morningstar Real-Time Data Ltd** |
| **Renaissance Technologies LLC** |
| **Russell Investments (former Frank Russell Company)** |
| **SNL Financial** |
| **Standard & Poor's Dow Jones Indices** |

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Македонската берза посебно внимание посветува на меѓународната соработка, имајќи во предвид дека на сите учесници на пазарот на хартии од вредност од многу битно значење им е надминувањето на границите помеѓу националните пазари со што расте потребата за постигнување и одржување на конкурентна позиција на глобално ниво.

Берзата има потпишано меморандум за соработка со:

- Љубљанска берза (2001 година)
- Атинска берза (2002 година)
- Белградска (2003 година)
- Загребска (2003 година)
- Бугарска берза (2003 година)
- Виенска берза  (2006 година)
- Потпишувањето на Меморандумот за партнерство помеѓу берзите од Белград, Скопје, Загреб и Љубљана (2007 година), кон кој во февруари 2008 година се приклучија и берзите од Сараево, Бања Лука и двете берзи од Црна Гора
- Истанбулска берза  (2012 година)



*потпишување на Меморандум за партнерство помеѓу  берзите од

Скопје, Загреб, Белград и Љубљана  - декември 2007 година

.

## БЕСТ Нет

**БЕСТ Нет** е веб апликација развиена од Берзата која е наменета за крајни корисници и овозможува пристап до следните информации во реално време: листа на хартии од вредност, моментални вредности на сите хартии од вредност, трансакции, податоци за пазарната длабочина на најдобрите пет цени по хартија од вредност, со кумулирани количини за таа цена. Програмот овозможува следење на берзанското тргување во реално време секој ден на тргување. Наменет е на сите оние кои имаат потреба од брза, сигурна и веродостојна информација за случувањата на Берзата.

Повеќе детали за можностите што ги нуди овој продукт и информации за начинот на претплата може да се најдат на официјалната страница на продуктот Бестнет **www.bestnet.com.mk** .




*

Сликата прикажува преглед на Пазар по цени

# ПРОДУКТИ

## БЕСТ-НЕТ Аналитика

БЕСТ-НЕТ Аналитика е современ интернет сервис кој им помага на инвеститорите во градење на компетентни инвестициски стратегии и носење на квалитетни инвестициски одлуки.

БЕСТ-НЕТ Аналитика во себе содржи повеќе алатки за:

- техничка анализа на акции;
- фундаментална анализа на акции и
- мое портфолио.

Овој продукт, наменет пред сѐ за брокери, институционалните инвеститори и финансиски институции, нуди целосно решение со кое се олеснува анализата на работењето на компаниите и помага во навременото и правилно носење на инвестициски одлуки.

Повеќе детали за модулите кои што ги нуди продуктот и за условите под кои може да се изврши претплата на еден, два или сите три модули може да се најде на веб страната на Берзата (http://www.mse.mk/Page.aspx?ContentID=108&lang=mk ).



Основни податоци | Финансиски извештаи | Финансиски показатели | Пазарни податоци | Корпоративни активности

Компанија: **Гранит Скопје**
Тип на извештај: ○ Консолидиран ⦿ Неконсолидиран
Извештајот е: ⦿ Ревидиран ○ Неревидиран
Почетен период: 2008
Валута: MKD
Прикажи податоци

| | 2008 | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Показатели за профитабилност** | | | |
| Принос на капитал (ROE) | 14,27% | 17,23% | 12,46% |
| Принос на просечен капитал (ROAE) | 16,48% | 16,72% | 13,37% |
| Принос на вкупните средства (РОА) | 7,74% | 7,47% | 6,08% |
| Принос на вкупните просечни средства (POAA) | 8,08% | 7,69% | 6,08% |
| Принос на постојани средтсва (ROFA) | 15,02% | 15,22% | 13,47% |
| Принос на ангажираниот постојан капита (ROCE) | 3,49% | 1,17% | 3,77% |
| Вкупни приходи спрема вкупни средства | 0,71 | 0,55 | 0,55 |
| Вкупни приходи спрема вкупните просечни средства | 0,74 | 0,57 | 0,55 |
| Приходи од продажба спрема вкупни нефинансиски средства | 0,60 | 0,50 | 0,56 |
| Приходи од продажба спрема тековни обврски | 1,45 | 1,11 | 0,95 |
| Приходи од продажба спрема Залихи | 3,66 | 2,64 | 3,12 |
| Приходи од продажба спрема Побарувања | 2,30 | 18,54 | 1,94 |
| Приходи од продажба спрема Обртен капитал | 5,98 | 6,38 | 10,21 |
| Обртен капитал | 482.198.000,00 | 350.962.000,00 | 205.048.000,00 |
| Тековни средства спрема тековни обврски | 1,24 | 1,17 | 1,09 |

Сликата е дел од прегледот на модулот Фундаментална анализа

## ТИКЕР

Тикерот претставува приказ на просечните цени на хартиите од вредност со кои на последниот трговски ден се реализирани трансакции преку БЕСТ системот и нивната процентуална промена во однос на официјалната просечна цена постигната на предходниот ден кога имало тргување со дадената ХВ. Податоците од тргувањето –ТИКЕР, што Берзата ги дистрибуира со задоцнување од најмалку 10 минути се наменети за сите потенцијални корисници кој сакаат истиот да го редистрибуираат преку соодветен медиум.

# ЧЛЕНКИ

Членка на Берзата може да биде брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа, регистрирана во трговскиот регистар како правно лице кое има важечка дозвола за работа од Комисијата за хартии од врендост и е примена во членство на Берзата.

Моментално Берзата има 14 членки, од кои 4 се банки и 10 брокерски куќи.

Подолу е прегледот на членки на Берзата со нивните контакт информации.

| Назив | Адреса | Контакт |
|---|---|---|
| **Алта Виста Брокер АД Скопје** | бул. Кочо Рацин бр.30 влез 2/2, Скопје | +389(2)3217103 |
| **Еуро Брокер АД Скопје** | Вељко Влаховиќ бр.1/2-2, Скопје | 389(2)3215199; +389(2)3298815; |
| **Еурохаус АД Скопје** | ул.Даме Груев бр.5, зграда 1, влез 2,мезанин, Скопје | 389(2)3217095; +389(2)3217035 |
| **Илирика Инвестментс АД Скопје** | ул. Даме Груев бр.16, БЦ Палома Бјанка, мезанин, локал 1, Скопје | +389(2)3296853; +389(2)3296854; +389(2)3296856 |
| **Инвестброкер АД Скопје** | ул. Истарска бр.33, СКопје | +389(2)3110280; +389(2)3103293 |
| **Иново Брокер АД Скопје** | Бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4, Скопје | +389(2)3120941 |
| **Комерцијална банка АД Скопје** | Кеј Димитар Влахов бр. 4, Скопје | +389(2)3218218; +389(2)3218212; +389(2)3218228; |
| **НЛБ Тутунска банка АД Скопје** | ул.Водњанска бр.1, Скопје | 389(2)5100354; +389(2)5100352; |
| **Пеон Брокер АД Скопје** | ул.Коле Неделковски 50, локал бр.2, Скопје | +389(2)3203850; +389(2)3203840; +389(2)3203841; |
| **Поштел Брокер АД Скопје** | ул. 27 Март бб, (Мал ринг), до х.Јадран, Скопје | +389(2)3224300; +389(2)3103210; +389(2)3103211; |
| **Стопанска банка АД Скопје-** | бул.11 Октомври бр.7, Скопје | +389(2)3295405; +389(2)3295406; +389(2)3295407 |
| **ТТК Банка АД Скопје** | ул. Народен Фронт б.19а, Скопје; ул.Маршал Тито бр.16, Битола | +389(2)3216530; +389(47)203691 |
| **Фершпед брокер АД Скопје** | ул. Маршал Тито бр.11, Скопје | +389(2)3219333; +389(2)3219310; +389(2)3219309 |

# ТРЕНИНГ ЦЕНТАР

Берзата во рамките на своите заложби за перманентен развој на македонскиот пазар на хартии од вредност има воспоставено свој Тренинг центар со цел зајакнување на капацитетите на постојните и потенцијални учесници на пазарот на хартии од вредност во областа на тргувањето со хартии од вредност, финансиските инструменти и други релевантни теми од областа на финансиите.

Проектот Тренинг центар на Берзата е реализиран со поддршка од Европската банка за обнова и развој, а во неговата конкретна имплементација беа вклучени консултанти од конзорциумот на Виенската берза CAPMEX.

Во рамките на наставната програма на Тренинг центарот моментално се опфатени 9 теми на обуки. Секоја од обуките содржи најмалку 4, а најмногу 8 модули, при што содржината на модулите е креирана на начин што нуди можност за нејзино прилагодување огласно профилот на посетители на обуките:

- Принципи на пазарите на капитал
- Планирање на лични финансии
- Корпоративно финансирање
- Инвестициско банкарство
- Анализа на финансиски извештаи
- Објавување финансиски информации и односи со инвеститори
- Фјучерси и опции
- Закон за преземање на акционерски друштва
- Берзански електронски систем за тргување






Во рамките на Тренинг центарот Берзата го публикуваше и Прирачникот за самостојно учење кој обработува теми од областа на тргување со хартии од вредност.

Повеќе детали за Тренинг центарот и Прирачникот може да се прочитаат на следниов линк:

http://www.mse.mk/mk/content/27/6/2012/mse-training-center

Македонска берза на хартии од вредност АД

Орце Николов 75

1000 Скопје
Република Македонија

тел. +389 2 3122 055

факс +389 2 3122 069

E-mail:mse@mse.org.mk

www.mse.mk

www.seinet.com.mk

www.bestnet.com.mk